**Анонимизирани барања за пристап до информации од јавен карактер и одговори за 2023 година**

**Прашање: До Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на 07 август 2023 година поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер- Список на регистрирани земјоделски стопанства на територија на НП Маврово, по години, за периодот од 2012 до 2022 година “. во електронски запис.**

**Одговор:** Податоците на земјоделските производители во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се водат во Единствениот регистар на земјоделски стопанства. Податоците кои се водат во Единствениот регистар на земјоделски стопанства може да се добијат на ниво на Подрачна Единица. Територијата на НП Маврово е под Подрачната единица Гостивар во која согласно Единствениот регистар на земјоделски стопанства се регистирани по години следниот број на земјоделски производители:

Земјоделски стопанства ПЕ Гостивар

| Година | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| Регистрирани земјоделски стопанства | 1777 | 1879 | 1958 | 2016 | 2085 |

Со оглед на тоа што имавме хакерски напад изминатата година, не сме во можност да ги доставиме податоците за периодот 2012-2018 година.

**Прашање: Список на регистрирани органски земјоделски производители на територија на НП Маврово, по години, за периодот од 2012 до 2022 година“. во електронски запис.**

**Одговор:** Податоците на земјоделските производители во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се водат во Единствениот регистар на земјоделски стопанства. Податоците кои се водат во Единствениот регистар на земјоделски стопанства може да се добијат на ниво на Подрачна Единица. Територијата на НП Маврово е под Подрачната единица Гостивар во која согласно Единствениот регистар на земјоделски стопанства се регистирани по години следниот број на органски земјоделски производители:

Земјоделски стопанства ПЕ
Гостивар

| Година | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| Регистрирани органски земјоделски производители | 8 | 15 | 23 | 23 | 25 |

Со оглед на тоа што имавме хакерски напад изминатата година, не сме во можност да ги доставиме податоците за периодот 2012-2018 година.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 21.09.2023 година поднесено е електронско барање за слободен пристап до информации од јавен карактер -Дали компанијата Нектар Трејд 1997 ДООЕЛ, Ресен е запишана во регистарот на откупувачи на земјоделски производи.**

**Одговор:** Друштвото за трговија, услуги и производство НЕКТАР ТРЕЈД 1997 увоз-извоз ДООЕЛ Ресен, со седиште на ул. Димитар Влахов бр.41/2 Ресен, Ресен на денот на поднесување на барањето беше запишано во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, но за правниот субјект во тек беше постапка за бришење, по доставен записник за извршен инспекциски надзор за исполнување на условите од овластен инспектор, од предметниот Регистар.

Со решение Уп. I бр. 38-930 од 03.10.2023 година Друштвото за трговија, услуги и производство НЕКТАР ТРЕЈД 1997 увоз-извоз ДООЕЛ Ресен, со седиште на ул. Димитар Влахов бр.41/2 Ресен, Ресен **е избришано од Регистарот на откупувачи на земјоделски производи**.

**Прашање: Вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2022, односно:**

- **Број на информации кои се означени со степенот “државна тајна” во 2022.**
- **Број на информации кои се означени со степенот “строго доверливо” во 2022.**
- **Број на информации кои се означени со степенот “доверливо” во 2022.**
- **Број на информации кои се означени со степенот “интерно” во 2022.**

- o **Број на информации кои се означени со степенот “за ограничена употреба” во 2022.**
- **Вкупен број на информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот, во 2022.**

**Одговор**: Вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2022 година е:

- Во 2022 година бројот на информации означени со степен државна тајна е: 0
- Во 2022 година бојот на информации означени со строго доверливо е: 0
- Во 2022 година бојот на информации означени со доверливо е: 7
- Во 2022 година бојот на информации означени со интерно е: 0
- Во 2022 година бојот на информации означени со ограничена употреба е: 1

- Вкупен број на информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот во 2022 е: 0

**Прашање: До Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на 28 јули 2023 година е поднесено барање за слободен пристап до информации од јацен карактер**

**„Кои стратегии беа усвоени во секторот земјоделство и рурален развој во текот на 2022 година? Ве молиме доставете ни ги усвоените стратегии и посочете ни дали/каде истите се јавно достапни“.**

**„Дали секторската работна група за земјоделство и рурален развој одржа состаноци во текот на 2022 година? Ве молиме посочете ни ги точните датуми на одржувае на состаноците и доставете ни ги агендите и записниците од одржаните состаноци.“**

**„Доставете ни листа на граѓански организации кои биле поканети и присуствувале на состаноците на секторската работна група за земјоделство и рурален развој, одржани во 2022 година.“,**

**„Дали во текот на 2022 година во работата на секторската работна група за земјодлество и рурален развој беа вклучени граѓански организации кои работат на унапредување на родовата еднаквост и/или женски граѓански организации (организации кои во фокусот на својата работа го имаат унапредувањето на родовата еднаквост)?“**

**„Дали и на кој начин, во текот на 2022 година, координатор(к)ите или заменик координатор(к)ите за еднакви можности од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство беа вклучени и/или консултирани за ИПА програмирањето?“.**

**Одговор:** Во бараниот период не е донесена ниедна стратегија. Сите донесени стратегии и стратешки документи се јавно достапни на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (линк: www.mzsv.gov.mk).

Во 2022 година одржан е еден состанок на Секторската работна група за земјоделство и рурален развој. Состанокот е одржан на 21.03.2022 година, он-лајн, заради КОВИД кризата. Врз основа на барањето, во прилог се доставуваат следните документи:

- Листа на номинирани членови на Секторската работна група за земјоделство и рурален развој.

- Агенда за состанокот на Секторската работна група за земјоделство и рурален развој, одржан на 21.03.2022 година.

- Записник од состанокот на Секторската работна група за земјоделство и рурален развој, одржан на 21.03.2022 година.

На работните состаноци на секторската работна група за земјоделство и рурален развој се пoканувааt релвантни претставници од граѓанскиот сектор, „UN Woman“, како и координатор(к)ите за еднакви можности од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се вклучени во процесот на изработка на програмските документи за ИПА III.

Политиките на Министерството се силно фокусирани на економскиот раст во секторот и зголемување на конкурентноста во руралните средини, како и исполнување на обврските што произлегуваат од членството во ЕУ. Согласно тоа, во процесот на програмирање запазена е и родовата перспектива.

Воедно, на состаноците на Секторската работна група за земјоделство и рурален развој секогаш уредно се поканувaат релевантните чинители во секторот вклучително и граѓанските организации.

**Прашање: Список со поединечно доделени средства преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до крајните корисници- невладини организации, односно здруженија и фондации во текот на 2022 г. Во списокот треба да бидат наведени името на правниот субјект кој е примател на средствата, назив на проект, износ на доделените средства, дали средствата биле доделени преку јавен оглас и буџетската ставка преку која биле доделени средствата.**

**Одговор:** До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 09 март 2023 година поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер со кое барателот бара да му се доставaт информации од јавен карактер во електронски запис. По извршена консултација со релевантните сектори во Министерството за земјоделство. шумарство и водостопанство кои располагаат со предметните информации известуваме дека согласно евиденцијата на сметководство при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во текот на 2022 година нема плаќања од буџетска ставка 463- Трансфери до невладини организации.

Воедно, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како надлежен орган за спроведување на мерката за Техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година има спроведено постапки каде крајните корисници се здруженија на граѓани и табелата за истата е Прилог на ова Решение. Средствата од предметната мерка од Програмата за финансика поддршка на руралниот развој се исплаќаат преку Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година од раздел 14004 - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, програма 2 - Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, потпрограма 20 - Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - Разни трансфери.

Начинот на доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој е утврден во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 208/19….)

Прегледот кој е во прилог на ова решение опфаќа информации за:

а) подмерка 1.1 Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во Република Северна Македонија кои се доделени со јавен повик;

б) подмерка 1.1 средства доделени за организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделските производи во Република Северна Македонија утврдени во Програма за финансиска поддршка на руралниот развој; и

в) подмерка 1.3 Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи, односно за трошоци за воведување на заштитени ознаки за квалитет на земјоделски и преработени производи (1.3.1) кои се доделени со јавен повик.

**Прашање-одговор: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 01 февруари 2023 година поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер со кое барателот бара да му се достават информации од јавен карактер во електронски запис. По барањето известуваме:**

1. Дали министерството има пракса финансиски да поддржува **меѓуопштински соработки *(МОС)*** во областа што ја покрива?
   a. **ДА**
   b. НЕ

   Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот донесува донесува годишни програми за финансиска поддршка за поттикнување на земјоделството и рурален развој, Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој поддржува меѓуопштински соработки преку дефинирање на ЛАГ како корисник на финансиски предства од наведената програма. Во програмата има дбе **мерка 412** „Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)“ и **мерка 413** „Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини“

   Средствата од овие мерки се издвојуваат од буџетот на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (*раздел 14004 - Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој*). Агенцијата е надлежна за спроведување на програмите, односно мерките.
2. Колку ***МОС*** имате поддржано финансиски во последните 3 години (2020, 2021 и 2022 година), ве молиме дополнете.

3. Дали министерството има посебна буџетска програма за поттикнување на ***МОС*** во областа што ја покрива?
    a. **<u>ДА</u>**
    b. НЕ

4. Ако одговорот е ДА, колку средства од буџетот на министерството биле предвидени за поддржување и финансирање на ***МОС*** во 2020, 2021 и 2022 година?
    - Во 2020 год **за мерка** 412 „Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)" и **мерка 413** „Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини" беа издвоени 2.500.000 денари;
    - Во 2021 год **за мерка** 412 „Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)" и мерка 413 „Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини" беа издвоени 2.000.000 денари;
    - Во 2022 година **за мерка** 412 „Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)" и мерка 413 „Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини" беа издвоени 2.000.000 денари.

5. Ве молиме наведете какви облици на МОС се воспоставени и помеѓу кои општини се воспоставени истите, во следната табела:

| **Објаснете го на кратко обликот на МОС** | **Наведете ги општините со кои е воспоставена МОС** | **Наведете го периодот /времетраењето на МОС** |
|---|---|---|
| Локална акциона група (ЛАГ) се основа согласно член 89 од законот за земјоделстви и рурален развој за развој на руралните подрачја како трговско друштво, задруга или здружение на граѓани или фондација основана за една територијална целина на една или повеќе рурални средини | 1. ЛАГ „Малеш-Пијанец", с. Негрево, Пехчево, општини Берово, Делчево, Пехчево<br>2. ЛАГ АГРО ЛИДЕР Кривогаштани, општини Долнени, Кривогаштани, Крушево, Прилеп<br>3. ЛАГ Скардус, општини Јегуновце, Теарце, Тетово<br>4. ЛАГ Пелагонија - Новаци, општини Битола, | Статус на ЛАГ се добива со запишување во евиденцијата на ЛАГ која се води во Министерството (последен објавен јавен повик на 30.05.2018) |

| | | |
|---|---|---|
| каде живеат не помалку од 5.000 жители и не повеќе од 100.000 жители.<br><br>ЛАГ се основа по пат на:<br>- здружување на две или повеќе рурални заедници кои катастарски граничат меѓусебе,<br>- здружување на две или повеќе општини кои се дефинирани како рурални средини и катастарски граничат меѓусебе и<br>- јавно-приватно партнерство меѓу општините, физички и правни лица или здруженија на граѓани со седиште на подрачјето на општините.<br><br>Статус на ЛАГ се добива со запишување во евиденцијата на ЛАГ која се води во Министерството. | Демир Хисар, Могила, Новаци<br>5. ЛАГ БОЈМИЈА с. Стојаково, Богданци, општини Богданци, Валандово, Гевгелија, Дојран<br>6. ЛАГ БРЕГАЛНИЦА Зрновци, општини Чешиново-Облешево, Кочани, Зрновци, Виница, Македонска Каменица, Пробиштип<br>7. ЛАГ ПОЛОГ ЦЕНТАР Врапчиште, општини Гостивар, Врапчиште, Боговиње<br>8. ЛАГ ВАРДАР ЛЕАДЕР Градско, општини Велес, Градско,Чашка<br>9. ЛАГ АБЕР 2015, с.Старо Нагоричане, општини Куманово, Старо Нагоричане, Липково<br>10. ЛАГ ПЛАЧКОВИЦА, Конче, општини Радовиш, Штип, Конче, Карбинци<br>11. ЛАГ ОСОГОВСКИ ЛИСЕЦ , Ранковце, општини Кратово, Ранковце, Крива Паланка<br>12. ЛАГ БЕЛАСИЦА-ОГРАЖДЕН Босилово, општини Босилево, Василево, Ново Село, Струмица<br>13. ЛАГ ТИКВЕШКА ВИНСКА ДОЛИНА, Демир Капија, општини Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија | |

6. Дали Министерството финансиски поддржало проекти кои што се аплицирани од две или повеќе општини истовремено, <u>во рамките на другите буџетски програми</u>?
   A. ДА
   **B. НЕ**

7. Дали општините пројавуваат интерес за воспоставување на меѓуопштинска соработка во областа што ја покрива вашето Министерство?
   **a. ДА**

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 07 август 2023 година поднесно е Барање за пристап до информации од јавен карактер- Преглед на регистирани ловачки друштва со број на регистирани ловци по населени места на територија на НП Маврово.**

**Одговор:** Министерството не води регистрирани ловечки друштва со број на регистрирани ловци на територија на Република Северна Македонија, туку има список на здруженија на граѓани- ловечки друштва и правни лица кои го добиле дивечот на користење по пат на концесија и список на државни ловишта кои се дадени на управување. Согласно член 29 став (2) од Законот за ловство, ловиптата во НП Маврово се дефинирани како ловишта со посебна намена, а истите на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владата ги дава на управување на правни лица кои вршат дејност од јавен интерес од областа на заштита на животната средина- јавни установи Национални паркови на чија територија се востоновени ловишта со посебна намена.

На територијата на НП Маврово не е донесена одлука за давање на управување на ловишта со посебна намена, односно ловиштата се само востановени, а не се дадени на управување.

Врз основа на одлуката за изменување и дополнување на одлуката за востановување на ловишта на територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија бр.82/15“) на територијата на НП Маврово се востановени во Полошкото ловностопанското подрачје реон Гостивар следните ловишта: ловиште бр.1 „Железна Река“ , ловиште бр.2 „Симница“, ловиште бр.3 „Јеловце“, ловиште бр.4 „Маздрача“,

ловиште бр.7 „Речане“, ловиште бр.8 „Горна Радика“, ловиште бр.9 „Маврово“, ловиште бр.10 „Бистра“, ловиште бр.11 „Дешат I“ и ловиште бр.12 „Кораб“.

Број на регистирирани ловци водат концесионерите на дивечот во ловиштата.

**Прашање: До Министесртвото за земјоделство, шумарство и водостопанство на 07 август 2023 година поднесно е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер- Список на регистрирани производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија на територијата на Националниот парк, по години за период од 2012 до 2022 година.**

**Одговор:** Регистарот на производители и трговци на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, со исклучок на ЈУНП „Маврово“ кој е регистриран за производство на семе од шумски видови дрвја, нема друго регистрирано правно лице за производство и промет на репродуктивен материјал ( семе, делови на растенија и садници) од шумски видови дрвја на територијата на Националниот парк „Маврово“.

Воедно и во Регистарот на снадбувачи на саден материјал на земјоделски растенија не е запишано ниту едно правно или физичко лице кое има седиште Маврово, Ростуше или Маврови Анови.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 03 август 2023 година поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер- Список на правни лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти на територија на НП Маврово, по години за периодот од 2012 до 2022 година.**

**Одговор:** За периодот од 2012 до 2022 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопансто издало Решение за следниве правни лица кои вршат промет на дрво и дрмни сортименти:

1. Правно лице: „ МАКИ ТРАНС МАРТИН“ДООЕЛ с. Царево Маврово и Ростуша

- Седиште на правно лице: Населено место без уличен систем бр.15 Церово, Маврово и Ростуша
- Адреса на објект на промет: с. Здуње Гостивар
- Број и дата на барање: 09-937\15; 27.05.2015
- Број и дата на решение: 09-937\15, 04.06.2015

2. Правно лице: „ТОЗОЕЛ ТРАНС“ДОО увоз-извоз с. Волковија Маврово и Ростуша

- Седиште на правно лице: Населено место без уличен систем бр.3 Волковија, Маврово и Ростуша

- Адреса на објект за промет: ул „Беличица“ бб. Гостивар

- Број и дата на барање: 09-1004\15; 10.06.2015

- Број и дата на решение: 09-1004\15; 02.07.2015

3. Правно лице: НП МАВРОВО Маврово Анови

   - Седиште на правно лице: Населено место без уличен систем Маврови Анови, Маврово и Ростуша

   - Адреса на обејкт на промет: м.в – ни Присој , Леуново-Маврови Анови

   - Број и дата на барање: 19-497\17; 14.03.2017

   - Број и дата на решение: 19-497\17; 26.05.2017

4. Правно лице: НП МАВРОВО Маврови Анови

   - Седиште на правно лице: Населено место без уличен систем Маворови Анови, Маврово и Ростуша

   - Адреса на објект за промет: м.в Рибница Маврови Анови

   - Број и дата на барање: 19-496\17; 14.03.2017

   - Број и дата на решение: 19-496\17; 26.05.2017

5. Правно лице: НП МАВРОВО Маврови Анови

   - Седиште на правно лице: Населено место без уличен систем Маврови Анови, Маврово и Ростуша

   - Адреса на објект за промет: м.в Река, Могорче, Дебар

   - Број и дата на бришење: 19-498\17; 14.03.2017

   - Број и дата на решение: 19-498\17; 26.05.2017

**Прашање: До Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на 07 август 2023 година поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер- Список на издадени лиценци за шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур на територија на НП Маврово, по години, за периодот 2012 до 2022 година, во електронски запис.**

**Одговор:** Согласно член 65-а; 65-б став 1 и 2;  65-г став 5, 6 и 10 од „Закон за шумите“, ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09..) Органот на државна управа надлежен за работите од областа на шумарството, издава лиценци за вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур за шумите со стопанска намена во државна сопственост на правни лица и за истото води Регистар, но лицеците не се однесуваат на одредена територија.

Територијата ( во случајот НП Маврово) се утврдува преку склучување на договори за вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур, по претходно објавен јавен повик/ тендер на Јавното претпријатие за стопансување со државнитете шуми„ Национални шуми“  на кој се пријавуваат лиценцираните правни лица за предметното подрачје за вршење на услугата за сеча и дотур.

**Прашање: 1. План за интегритет;**

**2. Годишна антикорупциска програма и**

**3. Интерна процедура за спроведување на постапките за јавна набавка и реализација на договорите за јавна набавка.**

**Одговор:**  Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер ваш бр.0302-362/1 од 20.03.2023 година, наш бр.05-3567/1 од 21.03.2023 година, во прилог Ви ги доставуваме бараните информации во форма на електронски запис како што е наведено во барањето.

Ве известуваме дека бараните информации се јавно достапни на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство: https://www.mzsv.gov.mk/

1. https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/plan%20za%20integritet.pdf

2. https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/Interni%20akti/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%86%D0%B5%D0%BD%D0%BA%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D1%86%D0%B8%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%202023%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0_removed.pdf

3. Процедурата за подготовка и реализација на Јавни набавки е приложена во прилог.

**Прашање: За буџетската ставка 480- Купување опрема и машини**

**Износи по аналитички конта за синтетичката ставка 480 за Почетниот Буџет, ребалансот на Буџетот и завршната сметка (извршувањето на Буџетот за 2022 година за МЗШВ**

**Одговор:** Во врска со доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер Ваш број 0302-574/1 од 13.06.2023, во прилог Ви го доставуваме Решението бр.05-6106/2 од 22.06.2023 година со пропратната документација.

**Прашање: За Буџетската ставка 465- Исплата по извршни исправи,**

**Список и вредност на извршени исплати од ставката 465- Исплата по извршни исправи од Буџетот за 2022 година**

**Износи по аналитички конта за синтетичката ставка 465 за Почетниот Буџет, ребалансот на Буџетот и Извршувањето на Буџетот за 2022 година за МЗШВ**

**Одговор:** Одговорот на Вашето барање е доставен во електронска форма на е-маил. Доставено е Список и вредност на извршени исплатиод ставка 465-Исплата по извршни исправи од Буџетот за 2022 година, и Износи по аналитички конта за синтетичката ставка 465 за Почетниот Буџет, ребалансот на Буџетот и извршувањето на Буџетот за 2022 година.

Почетен буџет за 2022 година на износ од 0 денари.

-Ребаланс на буџетот за 2022 година на износ од 5.730.000 денари.

-Реализација на буџетот за 2022 година на сметка 63710-Расходи од основен буџет на износ од 10,987,980 денари, на сметка 63119-Расходи од приходи од органи на износ од 10,192,141 или вкупно 21,180,121 денари

Во прилог:

-Промет на аначлитички конта за сметка 63119 за ставка 465 (состојба по аналитички конта 465110- Главен долг по аналитички исправи и 465130- трошоци по извршни исправи

-Промет на аналитички конта за сметка 63710 за ставка 465 (состојба по аналитички конта 465110- Главен долг по аналитички исправи и 465130- трошоци по извршни исправи

**Прашање: постапка за јавна набавка на работи за Реконструкција на Пумпна Станица „Дебарско Поле“, 03284/2023**

**- Одлука за јавна набавка;**

**- Записник од отворањето на понудите;**

**-Записник од спроведениот технички дијалог;**

**-Пристигнати понуди или пријави за учество (Образец на понуда- Финансиска понуда);**

**-Извештај за извршената евалуација;**

**-Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка;**

**-Одлука за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката;**

**-Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба; и**

**-Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола.**

**Бараните информации барателот бара да му се достават во фотокопија и на е-маил адреса.**

**Одговор:** Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 0302-684/1 од 03.08.2023 година, за постапката за јавна набавка на Реконструкција на пумпна станица „Дебарско поле“ во прилог Ви ги доставуваме бараните документи во електронска форма.

**Прашање: 1. Колку лица во институцијата вршат работи од обласats на јавните набавки?**

**2. Колку од лицата коишто ги вршат јавните набавки имаат важечка потврда за положен испит за јавни набавки?**

**3. Дали членовите на Комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка или се истите за сите набавки?**

**4. Ве молиме, доставете ни ја одлуката за јавна набавка за постапката број: 14611/2022**

**5. Дали имате внатрешни правила врз чија основа ја пресметувате проценетата вредност на набавките?**

**6. Дали имате дефинирани внатрешни правила за изработка на техничките спецификации за јавните набавки?**

**7. Дали имате систем за следење на реализацијата на планот за јавни набавки?**

**8. Дали имате систем за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем?**

**Одговор:** Врз основа на поднесеното барање за пристап до информациите од јавен карактер бр. 0302-753/1 од 22.09.2023 година, примено во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 22.09.2023 година под број 05-8408/1, Во прилог ги доставуваме бараните информации односно одговори.

1. Во моментот во одделението за јавни набавки при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство работат 3 лица.

2. Две лица од одделението за јавни набавки имаат важечка потврда за положен испит за јавни набавки. Третото лице е во оддделението за јавни набавки од неодамна и се уште ја нема поминато едукацијата за јавни набавки, истото е пријавено за едукација во Бирото за јавни набавки.

3. За секоја постапка за јавна набавка одговорното лице во МЗШВ именува членови на комисија кои се задолжени за спроведување на конкретната набака.

4. Во прилог – Одлука за јавна набавка за постапка бр. 14611/2022.

5. Управите, секторите и одделенијата во состав на МЗШВ доколку имаат потреба од одредена набавка на стоки / услуги / работи, до одделението за јавни набавки доставуваат барање за спроведување на постапка за јавна набавка, во кое барање меѓу другото ја наведуваат и проценетата вредност на набавката, која ја утврдиле претходно.

6. Во прилог на образецот барање за спроведување на постапка за јавна набавка задолжително се доставува потпишана техничката спецификација за предметната набавка која ја изработуваат Управите, секторите и одделенијата кои имаат потреба од набавката.

7. Договорниот орган најдоцна до крајот на јануари од тековната година донесува Годишен план за јавни набавки и истиот го објавува на ЕСЈН. Пред донесувањето на ГПЈН, Одговорното лице потпишува известување за изготвување на ГПЈН до сите Сектори / Управи на МЗШВ. Секторите и Управите се должни доколку имаат потреба од одредена јавна набавка да доставаат податоци за планираните јавни набавки за тековната година и тоа прецизирани со податоци одделно за секоја постапка во потполна согласност со Правилникот за формата и содржината како и начинот на изготвување на ГПЈН.

Систем за следење на реализациоја на планот договорниот орган нема донесено, меѓутоа одделението за јавна набавка согласно податоците наведени во ГПЈН соодветно и навремени ги известува/информира/потсетува секторите доколку постои потребата од набавката да започнат со подготвување на документација за спроведување на постапка за јавна набавка односно да достават Барање за јавна набавка со изготвена техничка спецификација

8. Одделението за буџетска контрола како и барателот за спроведување на постапка за јавна набавка – Управата / Секторот / Одделението / Организационата единица во состав на МЗШВ се должни да вршат контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка или рамковна спогодба е во согласност со условите од договорот.

По завршување на договорот стите се должни веднаш до единицата за јавни набавки /лицето за јавни набавки да достават известување дека договорот е завршен односно реализиран. Во прилог на донесената Процедурата за квалитет за подготовка и реализација на јавните набавки е терк од образец известување за реализиран договор за јавна набавка – дадени во прилог.

**Прашање: Колку средства има издвоено министерството во изминатите три годни (2021,2022 и 2023 согласно октомври- за секоја година посебно) за јавни огласи за вработување во печатени медиуми?**

**Одговор:** Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заверено под наш број 02-9733/1 од 10.11.2023 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе Решение бр.02-9733/2 од 28.11.2023 година , со кое Барањето се уважува. (Решението Ви се доставува во прилог)

Земајќи во предвид дека имаме изгубено дел од податоците за 2021 и 2022 година поради хакирање на системот, Ви доставуваме податоци за 2023 година.

Во 2023 година Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има објавено **3 Јавни огласи за вработување на определено време**:

- Оглас број 01/2023 објавен на 16.01.2023 година во дневните весници Слободен Печат и Коха
- Оглас број 02/2023 објавен на 29.03.2023 година во дневните весници Слободен Печат и Коха
- Оглас број 03/2023 објавен на 19.04.2023 година во дневните весници Слободен Печат и Коха

И **Јавен оглас за вработување на неопределено време** – оглас број 39/2023 објавен на 09.02.2023 година во дневните весници „Слободен Печат“, „Вечер“ и „Коха“.

За наведените огласи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има исплатено средства во вкупен износ од 440.674,оо денари.

**Прашање: Пополнување на прашалник за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Националниот акциски план 2022-2024.**

**Одговор:** Прашалник во прилог

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден  04.09.2023 година поднесено е електронско барање за слободен пристап до информации од јавен карактер- Број на производители на риба на територијата на НП Маврово, по населено место, по години, за периодот од 2012 до 2022 година (листа на населени места: Аџиевци, Богдево, Беличица, Бибај, Битуше, Болетин, Велебрдо, Волковија, Видуше, Врбен, Врбјани, Галичник, Грекај, Дуф, Жировница, Жужње, Јанче, Кичиница, Кракорница, Леуново, Лазарополе, Маврови Анови, Маврово, Нивиште, Никофорово, Нистрово, Ничпур, Ново село, Орќуше, Присојница, Росоки, Ростша, Рибница, Селце, Сенце, Скудриње, Сретково, Сушица, Тануше, Требиште, Тресонче, Церово).**

**Одговор:**  За бараната информација, Ве известуваме дека Регистарот на одгледувачи на риби кој се води во министерството не содржи податок за рибници по населено место. Во наведениот регистар има запишано два рибники капацитета кои се во територијата на НП Маврово и тоа МАВРИК 2013 ДООЕЛ  (Мавровско езеро) запишан во регистар на 31.05.2013 година и ИХТИС  ДООЕЛ с .Ростуша бр 16, Маврово, Ростуша

на река Радика (чие течение во поголем дел е на територијата на НП Маврово) кој во моментов не е активен.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 07.08.2023 година поднесено е електронско барање на информација за слободен пристап на информаци- Површини под органски земјоделски насади, по години, за периодот од 2012 до 2022 година во рамки на територија на НП Маврово.**

**Одговор:** За бараната информација, Ве известуваме дека одделението за органско земјоделско производство располага со вкупно сертифицирана производна површина во хектари добиена на цела територија на Република Северна Македонија, но не и одделно по територии. Податоците за површини под органски земјоделски насади министерството ги добива од двете акредитирани контролно/сертификациски тела ПРО-ЦЕРТ ДООЕЛ Кавадарци и Балкан Биосерт и се јавно достапни на веб страната на министерството (www.mzsv.gov.mk).

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве информира дека за одговор на бараните податоци вашиот допис е препратен до двете акредитирани контролно/сертификациски тела ПРО-ЦЕРТ ДООЕЛ Кавадарци и Балкан Биосерт.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 07.08.2023 година поднесено е електронско барање на информација за слободен пристап на информации- Список на регистрирани органски земјоделски производители на територија на НП Маврово, по години, за периодот од 2012 до 2022 година**

**Одговор** : за бараната информација, Ве известуваме дека одделението за органско земјоделско производство располага со список на регистрирани органски земјоделски производители на цела територија на Република Северна Македонија. Министерството ги добива податоците од двете акредитирани контролно/сертификациски тела ПРО-ЦЕРТ ДООЕЛ Кавадарци и Балкан Биосерт и се јавно достапни на веб страната на министерството (www.mzsv.gov.mk).

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве информира дека за одговор на бараните податоци вашиот допис е препратен до двете акредитирани контролно/сертификациски тела ПРО-ЦЕРТ ДООЕЛ Кавадарци и Балкан Биосерт.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 07.08.2023 година поднесено е електронско барање на информација за**

**слободен пристап на информаци 1. Список на регистрирани одгледувачи на риби на територијата на НП Маврово, по години, за периодот од 2012 до 2022 година.**

**Одговор**: За бараната информација, Ве известуваме дека Регистарот на одгледувачи на риби кој се води во министерството не содржи податок дали одреден рибнички капацитет се наоѓа на територија на национален парк, туку содржи податок за локацијата и водата на која е изграден. Во наведениот регистар има запишано само еден рибнички капацитет на река Радика (чие течение во поголем дел е на територијата на НП Маврово) на субјектот ИХТИС ДООЕЛ с Ростуша бр 16, Маврово Ростуша, кој во моментов не е активен.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 09.10.2023 година поднесено е електронско барање за слободен пристап до информации од јавен карактер - По однос првото прашање кое се однесува на директните плаќања, односно субвенциите за земјоделците, колкава е вкупната сума што државата ја издвојува за редовни субвенции, поделена според години, од 2012 до 2022 година.**

**Одговор:** Вкупната сума на средства што државата ги издвојува за директни плаќања по години е дадена подоле во табела:

| Година | Буџет по Програма за земјоделство | Буџет по Програма за тутунско производство |
|---|---:|---:|
| **2012** | 6,932,000,000 | |
| **2013** | 6,885,000,000 | / |
| **2014** | 6,499,404,005 | / |
| **2015** | 6,486,659,051 | / |
| **2016** | 6,320,000,000 | / |
| **2017** | 6,394,000,000 | / |
| **2018** | 6,772,500,000 | / |
| **2019** | 7,138,767,000 | / |
| **2020** | 4,911,673,800 | 1,890,000,000 |
| **2021** | 7,532,380,880 | / |
| **2022** | 6,650,264,000 | / |

Во однос на второто прашање кое се однесува на тоа кои 5 (пет) култури во земјата најмногу ги субвенционира државата според висината на субвенциите

**Одговор:** Ве известуваме дека во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања се наведени висините на директните плаќања по мерки, подмерки и култури. Програмите и Уредбите за директни плаќања се објавени на веб страната на

Агенцијата за финансика поддршка во земјоделството и руралниот развој каде што може да се видат височините на поддршките.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве информира дека за одговор на останатите барани податоци вашиот допис е препратен до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој која е надлежен орган кој располага со овие податоци.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 07.08.2023 година поднесено е електронско барање на информација за слободен пристап на информации- Список на регистрирани производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија на територија на НП Маврово, по години, за периодот од 2012 до 2022 година.**

**Одговор:** За бараната информација, Ве известуваме дека во Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, кој се води согласно член 19 од Законот за здравјето на растенијата („Службен Весник на Република Македонија" 29/2005; 81/2008, 20/2009, 57/2010, 17/2011, 148/2011, 69/2013, 43/2014, 158/2014, 149/2015, 39/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 150/21), во периодот од 2012 до 2022 година е регистриран еден правен субјект и тоа: ДТТУ ТОЗОЕЛ ТРАНС ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ, СО СЕДИШТЕ НА УЛ.НАСЕЛЕНО МЕСТО БЕЗ УЛИЧЕН СИСТЕМ БР.3 ВОЛКОВИЈА МАВРОВО И РОСТУША, СО ВИД НА ДЕЈНОСТ УВОЗ-ИЗВОЗ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ДРВО

**Прашање: Врз основа на што се вршат ископи на КП 1672/1 и КП1673/1 за КО Конопница Крива Паланка, дали има одобрение и проектна документација за ископите кои се вршат и дококу има истите да ни се достават.**

**Одговор:** Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер од 30.08.2023 година, Ве известуваме дека МЗШВ, Управа за водостопанство поседува Одобрение за градење на систем за наводнување „Конопница", издадено од о. Крива Паланка и Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување „Конопница", кои Ви ги доставуваме во прилог на овој акт.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 10.10.2023 година поднесено е барање на информација за слободен пристап на информаци Дали КП бр.825 и КП бр.826, КО Горно и Долно Оризари се дадени под договор за закуп на земјоделско земјиште?**

**Одговор:** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Подрачната единица Чаир, потврдува дека наведените парцелите со КП бр.825 и КП бр.826, КО Горно и Оризари не се дадени под закуп.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 30.05.2023 година поднесено е електронско барање на информација за слободен пристап на информаци:**

1. **Колку % од земјоделско земјиште се обработува во Тетово.**
2. **Колку % е под систем за наводнување.**

**Одговор:** Под точка 1 за бараната информација, согласно Системот за идентификација на земјишни парцели на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за регионот Тетово вкупно обработливо земјоделско земјиште изнесува 3150.18 ха.
Под точка 2 колкав е процентот на земјоделско земјиште под систем за наводнување, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве информира дека за одговор на бараните податоци вашиот допис е препратен до АД Водостопанство на РСМ.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 25.12.2023 година поднесено е барање за слободен пристап на информаци-Записник за спроведеното јавно надавање по јавен оглас бр.02/23 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површина над 3 хектари по пат на елекронско јавно надавање.**
**Одговор:** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во прилог на оваа решение го доставува записникот на комисијата за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно надавање под бр. 41-6087/108 од 18.12.2023 година на барање на барателот.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 25.10.2023 година поднесено е барање за слободен пристап на информаци-До каде е постапката по поднесена жалба од Златко Васев, заведена Ваш број УП I 41 41/2022 од 16.06.2022 година, против решението донесено од страна на Општина Делчево број УП 1 12-186 од 01.06.2022 година.**

**Одговор:** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има постапено по жалбата изјавена против решението на Општина Делчево под бр. УП 1 12-

186 од 01.06.2022 година. Управниот Суд на Република Северна Македонија има донесено пресуда заведена под бр. У-3 бр.359/2022 од 25.08.2022 година.

**Прашање: До Министерството за земјоделство, шумасртво и водостопанство на 01.02.2023 година поднесно е барање за слободен пристап до информации од јавен карактер-**

**1. Дали и кога Министерството за земјоделство, шумасртво и водостопанство има назначено Офицер за заштита на личните податоци согласно последниот Закон за заштита на личните податоци кој е донесен во Февруари 202 година, а е во сила од 24 ти Август 2021 година?**

**1.1 Доколку не е е назначен, постојат ли причини зошто Министесртвото за земјоделство, шумарство и водостопанство нема назначен Офицер за заштита на личните податоци и не е започната постапка за усогласување на работењето со законот за заштита на личните податоци со оглед дека веќе 18 месеци законот за ЗЛП е во сила и примена.**

**(НАПОМЕНА: Доколку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема назначено офицер за заштита на личните податоци немате обврска да одговорите на понатомошните прашња)**

**2. Дали назначениот Офицер за ЗЛП врши и друга функција во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со која ОБРАБОТУВА или НЕ ОБРАБОТУВА лични податоци?**

**3. Дали назначениот офицер за ЗЛП во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство направи во изминатите месеци ДЕЛУМНО/ЦЕЛОСНО усогласување на работењето на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопансво со Законот за заштита на лични податоци и со кои проблеми се соочуваа Офицерот и институцијата при донесување на потребните акти и правилници за потребите на усогласување со законот за ЗЛП?**

**4. Дали веб страната на Министесртвото за земјоделство, шумарство и водостопанство јавно и транспаретно има истакнато Политика за колачиња ( COOKIES) и Политика за приватност со контакт информации за Офицерот за заштита на личните податоци и дали може да ни доставите линкови до истите?**

**5. Дали Офицерот за заштита на личните податоци или друго надворешно лице или фирма организира обуки за вработените за начинот на третман и обработка на личните податоци во Министесртвото за земјоделство, шумарство и**

**водостопнаство со цел да се стекнат со доволно познавање и вештини за работа со личните податоци во согласност со обврските што произлегуваат од донесените акти и правилници и од Законот за заштита на лични податоци?**

**6. Дали Министесртвото за земјоделство, шумарство и водостопанство би ги објавила јавно и транспаретно на Вашата веб страна сите акти, документи, правилници и одлуки за усогласување со законот за заштита на личните податоци за корисниците, граѓаните и гласачите да имаат увид како се чуваат и обработуваат нивните лични податоци од страна на институцијата и од страна на вработените во Вашата институција?**

**Одговор:** Во врска со точла 1, Ве информираме дека во Министерството за земјоделство, шумасртво и водостопнаство нема назначено Офицер за заштита на личните податоци согласно предвидениот Закон за зштита на личните податоци кој е донесен во Февруари 2020 година, а е во сила од 24ти Август 2021 година.

Во врска со точка 1.1. Министесртво за земјоделство, шумасртво и водосотопнаство има назначено Офицер за заштита на личните податоци со Решение за определување на Офицер за заштита на личните податоци бр. 04-1348/1 од 02.02.2016 година и е во процес на назначување на нов офицер за заштита на лините податоци согласно новиот Закон за заштита на лични одатоци („ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21).

**Прашање: До Министесртво за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесно е барње за слободен пристап до информации од јавен карактер - Колкав е вкупниот број на жени и мажи вработени во вашата институција на следниве позиции: заменици министри, државни секретари, советници, шефови на кабинети, раководители на сектори, раководители на одделенија и претседатели на комисии. Ве молиме бараните податоци да ни ги доставите разделно по пол/род, етничка припадност, назив на позиција за секоја година посебно од 2017 заклучно со 2022 година?**

**Одговор:** Во однос на вашето барње, во моментот не сме во можност да Ви дадеме податоци за перидодот од 2017 до 2021 година, бидејќи изгубените податоци од хакерскиот напад се уште ги немаме повратено.

За барањата кои се однесуваат на 2022 година, бараните информациии Ви ги доставуваме во Прилог 1, кој е составен дел на ова Решение.

**Прашање: До Министесртво за земјоделство, шумарство и водостопанство на 31.03.2023 година поднесно е барње за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**- Од кога започнува да се применува овој колективен договор**

**- До кога се применува овој колективен договор**

**Одговор:** Во врска со точка 1, Ве информираме дека Колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство број 04-1970/1 од 12.02.2021 година е стапен на сила на денот на склучувањето, односно 12.02.2022 година, а се применува од денот на неговото објавување.

Во врска со точка 2, Ве информираме дека со Отказ/откажување на колективниот дговор заведен со архивски број 01-11052/1 од 09.11.2022 година, Колективниот договор на вработените во Министесртвото за земјоделство, шумарство и водостопанство број 04-1970/1 од 12.02.2021 година е откажан, а согласно член 229 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09 ,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13 ,113/14 ,20/15, 33/15 ,72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр, 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) во случај на отказ колективниот договор се применува најдолго шест месеци од денот на поднесувањето на отказот, ако со закон поинаку не е определно, односно важноста на Колективниот договор на вработените во Министесртвото за земјоделство, шумарство и водостопанство е од 09.04.2023 година.